**Рамковен договор за издавање и откуп на електронски пари и платежни услуги – клиент број_______**

Склучен во Скопје на ден ................. помеѓу:

1. Институција за електронски пари ИУТЕ ПЕЈ ДООЕЛ Скопје (во натамошниот текст: **Иуте Пеј**), со седиште на улица Столтенбергова бр.4, Ламела А/ДП 1, 1000 Скопје, електронска пошта [*емаил адреса*], од една страна и

2…………., од ………….., со адреса ул. …………, со лична карта/пасош бр. ………. Издаден/а од МВР и ЕМБГ ………. Емаил: ------@------, телефонски број 07XXXXXXX (во натамошниот текст: **Клиент**), од друга страна.

**Општи одредби**

**Член 1**

Со овој Рамковен договор за издавање и откуп на електронски пари и платежни услуги (во понатамошен текст: **Договор**) се регулираат меѓусебните права, обврски и одговорности при отворање и одржување платежна сметка, извршувањето на поединечни и последователни платежни трансакции, начинот на извршување платежни услуги поврзани со платежната сметка во Иуте Пеј, како и издавањето и откупот на електронски пари.
Иуте Пеј врз основа на овој Договор, по поднесено Барање од Клиентот, без склучување посебни договори може да отвори една или повеќе платежни сметки (во понатамошниот текст: платежна сметка) и/или може да овозможи користење платежни услуги од страна на Клиентот под услови и на начин утврдени во овој Договор и во Општите услови за платежна сметка и платежни услуги и за издавање и откуп на електронски пари (во понатамошниот текст: **Општи услови**).

Платежните услуги наведени во член 2 од овој Договор Клиентот може да ги користи врз основа на поднесено Барање до Иуте Пеј без склучување дополнителни поединечни договори и добиена потврда, при што на нив се применуваат одредбите од овој Договор и документите кои претставуваат негов составен дел.
За секоја платежна сметка отворена на барање на Клиентот врз основа на овој Договор, Иуте Пеј доделува број на платежна сметка со ИБАН стандард преку кој Корисникот може да прима уплати, да врши плаќања во денари, како и да подига готовина, со примена на платни инструменти.
Начинот на отворање, одржување и затворање платежна сметка е регулиран и се врши согласно овој Договор и Општите услови и документите кои се составен дел на овој Договор.

**Член 2**

На барање на Клиентот, во рамки на овој Договор Иуте Пеј може да одобри користење на следните платежни услуги:

а) издавање и откуп на електронски пари
б) отворање, одржување и затворање платежна сметка;
в) внесување и повлекување на готовина од/на платежната сметка;
г) кредитни трансфери од/на платежната сметка, вклучително и трајни налози;
д) прием и пренос на електронски пари од и на сметки отворени во Иуте Пеј. За целите на оваа услуга, Клиентот е запознаен дека пријавениот и потврден телефонски број е поврзан со идентитетот на Клиентот. Пријавениот и потврден телефонски број е потребен заради прием и пренос на електронските пари, комуникација и користење на оваа услуга од Иуте Пеј. Со тоа, Клиентот недвосмислено се согласува и е запознаен дека доколку не ја овозможи можноста неговиот телефонски број и име и презиме да бидат видливи за останатите клиенти на Иуте Пеј, ќе биде оневозможено користењето на оваа услуга.
ѓ) прифаќање платежни трансакции,
е) директно задолжување,
ж) користење дигитални услуги (MyIute мобилна апликација)

Начинот на користење на наведените производи/услуги ќе се врши согласно одредбите на овој Договор и документите кои се составен дел на овој Договор.

Освен наведените платежни услуги, Иуте Пеј може да му понуди на Клиентот и други платежни услуги кои може да произлезат од работењето со платежната сметка или издавањето и откупот на електронски пари, за што Клиентот потпишува посебен наменски Договор со кој се регулира работењето со конкретните платежни услуги, како и правата и обврските при користењето на истите.

**Член 3**

Со потпишување на овој Договор, Клиентот потврдува дека е запознаен и согласен со содржината од Општите услови, Терминскиот план за извршување трансакции, Одлуката за Тарифата на надоместоци за услугите што ги врши Иуте Пеј (во понатамошниот текст: **Тарифа**).

Горенаведените документи се јавно објавени и достапни на веб-страницата на Иуте Пеј на следниот линк www.iute.mk, а врз основа на барање од Клиентот, Иуте Пеј може да му ги даде во хартиена форма или на друг траен медиум. Составен дел на овој Договор се следните документи:

- Барањето за отворање платежна сметка и користење платежни услуги/производи,
- Општи услови,
- Тарифа
- Термински план за извршување трансакции.

**Права, обврски и одговорности**

**Член 4**

Иуте Пеј се обврзува дека при извршувањето на платежните услуги предвидени со овој Договор:

- ќе ги почитува одредбите од овој Договор, Општите услови, Терминскиот план за извршување трансакции, Тарифата за надоместоци на Иуте Пеј и Законот за платежни услуги и платни системи, Законот за девизно работење, како и други прописи кои ги регулираат платежните услуги или се поврзани со нив;
- На Клиентот ќе му овозможи:
    - сигурен и ефикасен начин на работа со платежната сметка при извршувањето на платежни услуги, согласно одредбите од овој Договор;
    - сигурен и ефикасен начин на издавање и откуп на електронски пари, согласно одредбите од овој Договор
    - тајност на податоците, согласно законските прописи;
    - заштита на податоците за Клиентот, согласно законските прописи, интерните акти и правилата на Иуте Пеј за заштита на личните податоци.

Иуте Пеј го задржува правото да одбие воспоставување деловна соработка или извршување конкретна платежна трансакција или издавање или откуп на електронски пари, како и без согласност на Клиентот да ја блокира можноста за користење на сите или одредени производи и услуги предвидени со овој Договор, во случај кога Клиентот до Иуте Пеј нема да ги достави сите неопходни информации, податоци и документација побарани во согласност со регулативата за спречување перење пари и финансирање на тероризам и друга релевантна законска регулатива.

**Член 5**

Клиентот се обврзува при барањата за издавање или откуп на електронски пари, при вршење на платежните трансакции, издавање платни налози, употреба на платежни инструменти, т.е при користење на платежните услуги на Иуте Пеј, дека:

- ќе постапува согласно одредбите од овој Договор, Општите услови, како и во согласност со Законот за платежни услуги и платни системи, Законот за девизно работење и други прописи кои ги регулираат платежните услуги и
- при извршување на платните налози, на барање на Иуте Пеј ќе ги достави сите неопходни податоци и документација во согласност со релевантна законска регулатива, како и законската регулатива за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Клиентот е одговорен за точноста и потполноста на податоците во платните налози. Иуте Пеј нема да земе предвид и нема да постапува по платни налози со невалиден датум на извршување, како и непотполни или неправилно пополнети платни налози.
Клиентот ја сноси целокупната одговорност и штета настаната во случај на непридржување кон одредбите од овој Договор, како и во случај на нејасни, нецелосни или непрецизни податоци наведени во платните налози.

Со склучувањето на овој Договор, Клиентот е запознаен и согласен дека Иуте Пеј има право да одбие да го изврши платниот налог или да ја иницира платежната трансакција или да ги издаде или откупи електронските пари, за што ќе го извести Клиентот за одбивањето, за причините за одбивање и за постапката за исправка на грешките кои довеле до одбивање на платниот налог, освен во случаите кога давањето на таквите информации е забрането со закон и дека може да пресметува и наплатува надоместок со разумна висина доколку за одбивањето постојат објективно оправдани причини.

Клиентот со потпишување на овој Договор е изрично согласен и го овластува Иуте Пеј без негова дополнителна согласност, од средствата на сите платежни сметки кои Клиентот ги има во Иуте Пеј, да воспоставува налози и да врши плаќање на сите доспеани надоместоци, трошоци и побарувања кои може да произлезат од работењето на Клиентот со Иуте Пеј по основ на кои било платежни услуги, вклучувајќи и издавањето и откупот на електронски пари кои Клиентот ги користи во Иуте Пеј, а во согласност со Тарифата.

**Надоместоци за платежни услуги**

**Член 6**

Надоместоците за отворање, затворање и одржување на платежната сметка, надоместоците кои произлегуваат од работењето со платежната сметка, вршењето на трансакции или од користењето на производи и услуги од страна на Клиентот, Иуте Пеј ќе ги пресметува и наплатува од Клиентот надоместоци согласно Тарифата, а Клиентот се обврзува да ги плати на Иуте Пеј сите надоместоци за извршените активности од овој Договор. Видот и висината на надоместоците се променливи согласно Тарифата и за секоја промена Иуте Пеј ќе го извести Клиентот на начин утврден во член 8 од овој Договор. Иуте Пеј, по истек на тековната година, на начин утврден во член 8 од овој Договор, ќе го извести Клиентот за сите наплатени надоместоци, камати и други трошоци за сите услуги кои се наоѓаат на листата на најрепрезентативни услуги поврзани со платежна сметка.

**Известување**

**Член 7**

Иуте Пеј за сите промени на состојбата на платежната сметка изготвува Извод на состојба и промет од платежната сметка.
Клиентот има обврска да подига Извод на состојба и промет на платежната сметка најмалку еднаш месечно, во спротивно ќе се смета дека Клиентот е уредно известен за состојбата и прометот на платежната сметка на последниот ден од месецот. Клиентот може да го подигне Изводот на состојба и промет на платежната сметка во просториите на Иуте Пеј, како и со користење на мобилната апликација MyIute.

Сите приговори во врска со работењето со платежната сметка и извршувањето на платежните трансакции, Клиентот е должен да ги пријави кај Иуте Пеј во рок од 20 (дваесет) дена по завршување на месецот во кој е евидентирана спорната трансакција на платежната сметка.

**Член 8**

Клиентот е согласен за промените на одредбите од овој Договор и документите цитирани во член 3 од овој Договор, а кои промени се однесуваат на работењето со платежната сметка, издавањето и откуп на електронски пари во согласност со овој Договор, Иуте Пеј да го известува преку Изводот за состојба и прометот од платежната сметка кој Клиентот може да го подигне во просториите на Иуте Пеј во хартиена форма и преку мобилната апликација MyIute. За содржината на конкретните промени Клиентот се информира преку линк до ПДФ документ

на web-страницата на Иуте Пеј, каде Иуте Пеј редовно ги објавува промените во рок од два месеци пред настанување на промената.

Доколку Клиентот пред датумот на примена на промените не го извести Иуте Пеј дека не се согласува со направените промени односно, не поднесе барање за раскинување на Договорот, се смета дека е согласен со промените и дека ги прифаќа во целост. Доколку Клиентот го извести Иуте Пеј во предвидениот рок дека не ги прифаќа промените, Иуте Пеј има право еднострано да го раскине Договорот со Клиентот.

**Член 9**

Клиентот е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од настанувањето, да го извести Иуте Пеј за секоја промена во личните податоци, вклучувајќи ги и промените на податоците за овластените лица, односно да изврши ажурирање на податоците.
Доколку Клиентот не го извести Иуте Пеј за променетата адреса, при следна достава на известување по пошта, за уредна и валидна ќе се смета последната пријавена адреса. Овој начин на известување ќе се земе предвид при редовно работење со платежната сметка и во постапката за присилна наплата на побарувањата на Иуте Пеј согласно законските прописи.
Корисници кои пред Иуте Пеј се идентификуваат со документ за регулиран престој на странец во земјата, имаат обврска по истекот на рокот на важноста на документот со кој им е регулиран престојот да доставаат во Иуте Пеј нов документ за идентификација, во спротивно Иуте Пеј нема да им дозволи да вршат одлив од платежните сметки, сѐ до ажурирање на документот за идентификација во Иуте Пеј.

**Член 10**

Иуте Пеј, согласно овој Договор и Општите услови, може да му овозможи на Клиентот една или повеќе услуги поврзани со платежната сметка да ги користи како дел од пакет-услуги врз основа на поднесено Барање од Клиентот. Во барањето ќе бидат утврдени конкретните платежни услуги кои влегуваат во секој поединечен пакет со точно дефинирани надоместоци кои Клиентот е должен да ги плати на Иуте Пеј врз основа на избраниот пакет-услуги.

**Електронски пари**

**Член 11**

Електронските пари се издаваат и откупуваат врз основа на Барање за издавање или откуп на електронски пари од страна на Клиентот, притоа Страните се согласни дека секое иницирање на платежна трансакција ќе подразбира или Барање за издавање или Барање за откуп на електронски пари, во зависност од случајот.
За било кој износ на парични средства примени од страна на **Клиентот, Иуте Пеј** издава електрноски пари во номинална вредност којашто се чува во електронски облик, за цели на извршување на платежни трансакциии, која е прифатена како средство за плаќање од страна на физичко или правно лице, различни од **Иуте Пеј.**
Електронските пари издадени од страна на **Иуте Пеј** се чуваат на платежната сметка во електронски облик – дигитален паричник, а платежните трансакции иницирани од страна на **Клиентот** се евидентираат како намалување или зголемување на расположливите електронски пари**.**
**Иуте Пеј** на барање на **Клиентот** во секое време по номинална вредност ќе ја откупи паричната вредност на електронски пари кои **Клиентот** ги поседува според овој Договор и надоместоците кои се применливи за откупот.
Платежните услуги и Платежните трансакции овозможени од Иуте Пеј Пеј, кои **Клиентот** ги побарал, ќе се вршат во согласност со **Општите услови,** кои се составен дел од овој Договор.
Со склучување на овој Договор, **Клиентот** потврдува дека е запознаен дека паричните средства примени заради издавање електронски пари не се сметаат за депозити или други повратни извори на средства од јавноста.

**Заштита на лични податоци**

**Член 12**

Клиентот е информиран дека за целите на овој Договор Иуте Пеј ќе врши обработка на неговите лични податоци, ќе ги користи за целите на овој Договор, ќе врши проверка и верификација на истите, ќе ги користи при анализа на работењето на Клиентот преку Иуте Пеј, за наплата на долг, како и во други случаи предвидени со закон.

Личните податоци во Иуте Пеј се обработуваат и се споделуваат во согласност со закон, се собираат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели.
Клиентот е информиран и согласен Иуте Пеј, за цели на наплата на долг врз основа на договор, дел од неговите лични податоци да ги пренесе на обработувач на збирки на лични податоци.
Иуте Пеј нема да ги користи личните податоци за друга цел различна од наведените во овој Договор.
Иуте Пеј обезбедува ниво на безбедност соодветно на ризикот согласно законската, подзаконската регулатива и интерните акти, вклучувајќи и заштита од неовластена или незаконска обработка, како и заштита од нивно случајно губење, уништување или оштетување.
Иуте Пеј врши транспарентна обработка на личните податоци. Клиентот се запознава со сите информации за обработката на личните податоци преку Информацијата за обработка на лични податоци, која е составен дел на Општите услови.

**Завршни одредби**

**Член 13**

Овој Договор се склучува на неопределено време. Секоја промена, како и постапката за раскинување на овој Договор, договорните страни се согласни да се врши согласно Општите услови.

**Член 14**

За сè што не е предвидено со овој Договор важат законските прописи и актите на Иуте Пеј.

**Член 15**

Во случај на спор по овој Договор надлежен е судот во Скопје.

**Член 16**

Овој Договор се склучува на неопределено време, стапува во сила од моментот на неговото склучување и е валиден до неговото раскинување. За сите спорови кои би можеле да произлезат од или во врска со овој Договор**, ќе се применуваат Општите услови за платежна сметка и платежни услуги и за издавање и откуп на електронски пари**, а во секој случај и важечките прописи.

**Клиент**

**Иуте Пеј**

_____________________________

_____________________________